Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на ден од дневни настани 06.07.2021

На 05.07.2021 во 21.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Бит Пазар го лишиле од слобода П.Р.(29) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него биле пронајдени марихуана и нож. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен кривична пријава.

На 05.07.2021 година во 22.10 часот на улицата „ЈНА" во Струга, полициски службеници од ОВР Струга извршија преглед во патничко возило „ауди", со струшки регистарски ознаки, во кое се наоѓале К.М.(28) и М.Ф.(30), двајата од Струга. Притоа, пронајдени и одземени се марихуана и дробилка со остатоци од марихуана. Тие се приведени и против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.07.2021 во 21.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на подрачјето на Гази Баба, го лишиле од слобода Д.Х.(19) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него биле пронајдени марихуана, нож и т.н. боксирач. По документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.07.2021 во 09.30 часот на Граничен премин „Долно Блаце" од страна на полициски службеници е лишен од слобода В.М.(63) од Скопје, бидејќи во извршената контрола во службената евиденција било констатирано дека е со мерка „апси", поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „кражба", казнило по чл.235 од Кривичниот законик. Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Чаир за понатамошна постапка и спроведување до КПУ „Затвор Скопје" - Скопје.

На 05.07.2021 во 09.30 часот на Граничен премин „Деве Баир" од полициски службеници е лишен од слобода Г.А.(57) од Р.Турција, кој управувал товарно возило „даф" и полуприколка „тирсан", со турска национална ознака, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа", казнило по член 378 од Кривичниот законик. Тој при контролата употребил фалсификувана зелена карта. Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Крива Паланка и против него е поднесена кривична пријава.

На 05.07.2021 во 19.25 часот на Граничен премин „Стар Дојран" од полициски службеници е лишен од слобода З.Н.(50) од Струмица, бидејќи во извршена проверка во службената евиденција било констатирано дека се бара од Сектор за меѓународна полициска соработка при МВР, а по наредба на Јавен обвинител Струмица, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело по член 244-а од Кривичниот законик. Лицето е предадено на полициски службеници од ОВР Валандово за понатамошна постапка.

На 05.07.2021, СВР Штип спроведе засилена акциска контрола во областа на сообраќајот, при што се изречени 55 мерки, меѓу кои 22 за управување возила со брзина поголема од дозволената, 5 за управување возило под дејство на алкохол, 15 за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило, 2 за непропишно престигнување, 5 за некористење сигурносен појас и 5 прекршоци што ги чинат возачите на мотоцикли.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (05.07.2021) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот.На територијата на град Скопје изречени се вкупно 185 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 52 санкции, 15 прекршоци што го чинат возачите на мотоцикли, 19 за возење без возачка дозвола. Изречени се четири санкции за возење под дејство на алкохол, шест за користење мобилен телефон, четири за нерегистрирани возила, пет за недавање првенство на минување на пешаци, 52 санкции за непропишно паркирање.

На 05.07.2021 во 13.00 часот беше пријавено дека во Скопје на крстосницата од ул. „Македонско-косовска бригада" и ул.„Втора македонска бригада" се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „тојота", со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.Х.(74) од с.Визбегово, скопско, и електричен тротинет „ксиаоми", управуван од Ф.К. (22) од Скопје. Во незгодата Ф.К. се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен ден увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

На 05.07.2021 на подрачјето на СВР Велес спроведена е акциска контрола на возачи кои управуваат мотоцикли, при што се регистрирани и законски санкционирани 18 прекршоци, од кои 10 во Велес, пет во Кавадарци и три во Неготино.

На 05.07.2021 во 17.50 часот било пријавено дека во с.Долно Количани, скопско, на крстосница од ул.„1" и ул.„3", се случила сообраќајна незгода помеѓу мотоцикл, управуван од З.И.(27) од с.Горно Количани, скопско, и патничко возило „шкода", со скопски регистарски ознаки, управувано од Л.М.(31) од с.Долно Количани, скопско. Во незгодата мотоциклистот се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен ден увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Скопје.

СВР Струмица на 05.07.2021 спроведе засилени мерки над возачите на мотоцикли, при што биле констатирани 11 прекршоци, од кои 5 за некористење на заштитен шлем-кацига за време на возење, 3 за управување без возачка потврда/дозвола 2 прекршоци за изминат рок на важност на регистрацијата и 1 прекршок изминат рок на важност на осигурителната полиса. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 05.07.2021 во 23.20 часот во Полициската станица Центар, А.П.(30) од Скопје пријавил дека на кој „Димитар Влахов" бил каснат од куче скитник.

На 05.07.2021 во 07.00 часот било пријавено дека во Охрид, на крстосницата од ул. „Браќа македонски просветители" со бул.„Туристичка" се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „мерседес", со охридски регистарски ознаки, управувано од М.И.(63) од Охрид и мопед „томос", со охридски регистарски ознаки, управувано од С.В. (46) од с.Велгошти, охридско. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобила С.В., констатирани во Болницата за ортопедија и трауматологија „Свети Еразмо" во Охрид. Извршен ден увид на местото на незгодата од увидна екипа од СВР Охрид.

На 05.07.2021 во 20.00 часот во Полициската станица Центар, М.М.(44) од Скопје пријавила дека на кој „Димитар Влахов" нејзиниот син бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (05.07/06.07.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 35 прекршоци.

На 05.07.2021 во 10.40 часот Б.В.(23) од Скопје пријавил дека на 04.07.2021 околу 04.00 часот во угостителски објект во Градски парк, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од И.С.. Се работи на расчистување на случајот.

На 05.07.2021 во 15.30 часот во Полициската станица Центар, Т.Т.(28) од Скопје пријавила дека на ул.„Димитрие Чуповски" била касната од куче скитник.

СВР Струмица, СВР Охрид и СВР Штип поднесоа шест кривични пријави против 13 лица: Т.Г.(25) од с.Ново Село, струмичко, В.Т.(30), В.М.(28), Т.С.(26), Д.Д.(27) и А.А.(30) од Струмица, Т.Г.(35) од с.Штука, Г.С.(27) од с.Зубово, струмичко, Б.О.(38), Ц.Г.(32), Г.А. (26) и А.М.(24) од Кочани и М.И.(28) од Р.Албанија, поради постоење основи на сомнение за сторени 13 кривични дела „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". Имено пријавените во периодот од 15.05. до 03.06.2021 се движеле без дозвола за движење, за време забрана за движење на возила и лица поради прогласена пандемија на ковид-19.

На 05.07.2021 во 21.55 часот Ф.И.(30) од Скопје пријавил дека околу 21.30 часот, додека вршел контрола на билети во автобус бр.22 на ул.„Димитрија Чупоски", бил физички нападнат од едно лице. На Б.Р.(20) од Скопје му бил сочинет записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

ОВР Дебар поднесе кривична пријава против правно лице од Дебар, со одговорно лице Е.С.(21) и К.Р.(24) од Дебар, вработен во општина Дебар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи на време на епидемија". На 15.05.2021 во 22.30 часот од полициски службеници од Полициската станица Дебар и инспектори од Државниот пазарен инспекторат била извршена контрола во угостителски објект во кој била организирана забава со присуство на поголем број на гости во затворениот дел на објектот, со што постапале спротивно на одлуката на Владата за спречување на ширење на пандемијата со коронавирусот.

ОВР Берово поднесе кривична пријава против Д.В.(32) од с.Мачево, беровско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 08.12.2020 околу 07.50 часот, при спроведена акциска контрола од полициски службеници од ОВР Берово, пријавениот бил затекнат како со себе носи ловна пушка „ТОЗ 66" калибар 12 мм., без да поседува соодветна дозвола за оружје издадена од надлежен орган.

На 05.07.2021 околу 11.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека од маркет на подрачјето на Шуто Оризари едно лице со закана одзело пари од вработениот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.07.2021 во 10.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" со тешки телесни повреди бил донесен М.Р.(35) од Куманово, кој се здобил со повреди додека извршувал градежни работи за фирма на објект на подрачјето на Гази Баба. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 05.07.2021 во 12.40 часот во СВР Скопје, А.С.(83) од С.Идризово, скопско, пријавил дека на 04.07.2021 околу 19.45 часот, во аторт на С.Идризово, три лица физички го нападнале и му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.07.2021 во Велес од полициски службеници од СВР Велес лишени од слобода се И.Д.(29) и П.Б.(42), двајата од Прилеп, бидејќи во 19.55 часот кај наплатна рампа на автопат А1 Скопје-Велес, при обид за сопирање и контрола на патничко возило „ауди А3", со прилепски регистарски ознаки, управувано од И.Д., П.Б, кој бил негов сопатник вперил пиштол кон полициските службеници, а во обид да избегаат ја оштетиле наплатната рампа. Полициските службеници испукале предупредувачки куршуми, а повредени лица нема. Известен е Јавен обвинителот и по документирање на случајот против них ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 05.07.2021 на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола на мотоциклисти, во која вкупно биле откриени и санкционирани 14 прекршоци (ТЕ-12 и ГВ-2). Најголемиот број од прекршоците (7) се однесувале на некористење на заштитна кацига, а санкционирани биле и 3 мотоциклисти кои управувале без возачка дозвола. Истиот ден, на влезот на Тетово била спроведена и контрола на брзината со која се движат возилата во населено место. Откриени и санкционирани се 17 пречекорувања на максимално дозволената брзина, од кои 6 возачи ја пречекориле брзината во населено место за повеќе од 50 километри на час над дозволеното. Нив им се изготвени платни налози и изречена им е забрана за управување од шест месеци до една година.

На 05.07.2021 во 23.10 часот во СВР Скопје, Р.К.(35) од Скопје пријавил дека околу 19.30 часот во близина на фонтана во Градскиот парк Скопје, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат со остар предмет од Г.К.(41), Д.С.(44) и М.А. (18), сите од Скопје. По расчистување на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 05.07.2021 во 15.00 часот било пријавено дека во Гевгелија, на крстосницата од ул. „Таља Бикова" со ул.„Маршал Тито", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген транспортер", со австриски национални ознаки, сопственост на австриската полиција, управувано од С.О.(26), полициски службеник од Р.Австрија и патничко возило „опел мерива", со гевгелиски регистарски ознаки, управувано од Д.С. (38) од Гевгелија. Во незгодата со повреди се здобила малолетна сопатничка од Гевгелија од возилото „опел мерива", констатирани во Општата болница Гевгелија. Извршен бил увид на местото на незгодата од увидна екипа на Полициската станица Гевгелија.

На 05.07.2021 во 16.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Ѓорче Петров, Ж.С.(76) од Скопје агресивно се однесувал кон полициски службеници кои вршеле службени дејства. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.4 и чл.13 од ЗППЈРМ.

На 05.07.2021 во 08.45 часот Г.С.(48) од Скопје пријавил дека на 04.07.2021 околу 21.00 часот на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат со тврд предмет од Н.Н.(30) од Скопје и уште едно лице. По преземени мерки на Н.Н. му бил сочинет записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поша: kontakt@mol.gov.mk

Изработено од: Унет